Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.117/21), издадена на Друштвото за трговија и услуги ЕТМТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, во Прилогот, во точката 1 зборовите “ул. Мирче Ацев бр.2/кат 3 Скопје-Центар” се заменуваат со зборовите “ул. Луј Пастер бр.1/1-ДП6 и ДП7 Скопје-Центар”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во називот на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и услуги ЕТМТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Луј Пастер бр.1/1-ДП6 и ДП7 Скопје-Центар (во натамошниот текст: Друштво), на 17 декември 2021 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-175/21 од 17 декември 2021 година, за настанати промени во седиштето и промена на управител на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето на Друштвото.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. Мирче Ацев бр.2/кат 3 Скопје-Центар” во “ул. Луј Пастер бр.1/1-ДП6 и ДП7 Скопје-Центар”.

Регулаторната комисија за енергетика на 16 септември 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија и услуги ЕТМТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-275/21**
**27 декември 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1, nënparagrafi 17 të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 21, paragrafi (1), pika 5) të Rregullores së licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 27 dhjetor 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TREGTI ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Në vendimin për lëshimin e licencës së kryerjes së veprimtarisë energjetike të tregtisë me energji elektrike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.117/21), lëshuar Shoqërisë së Tregtisë dhe të Shërbimeve "ETMT ENERXHI" SHPKNJP Shkup, në Shtojcë, në pikën 1 fjalët "rr. Mirçe Acev nr. 2/ kati i 3 Shkup-Qendër" zëvendësohen me fjalët "rr. Luj Paster nr.1/1-DP6 dhe DP7 Shkup- Qendër".

2. Ndryshimi i licencës nga pika 1 e këtij vendimi kryhet në pajtim me ndryshimet e bëra në emrin e shoqërisë.

3. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij, ndërsa do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 12-275/21**
**27 dhjetor 2021**
**Shkup**

**Kryetari i**
**Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Марко Бислимоски**